# Закон за изменување и дополнување на Законот за кривична постапка

**Член 1**

Во Законот за кривична постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 150/10 и 100/12), во членот 50 по ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи: „(4) Полициските службеници кои се раководни работници во Министерството за внатрешни работи, не можат да бидат предмет на наредбата од ставот (1) на овој член.“.

**Член 2**

По членот 567 се додава нов член 567-а, кој гласи:

„Член 567-а

Актите донесени согласно со членот 50 став (1) од овој Закон, а кои се однесуваат на полициските службеници кои се раководни работници во Министерството за внатрешни работи, донесени пред денот на влегувањето во сила на овој закон, престануваат да важат.“.

**Член 3**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува до денот на објавувањето на конечните резултати од страна на Државната изборна комисија за спроведените предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија кои ќе се одржат во 2016 година.